## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Осумдесет и седмата седница на Собраниетона Република Македонија, одржана на 30 ноември 2007 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,33 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија господин Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Почитувани дами и господа,

Бидејќи во моментот сеуште Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Македонија е со гостите од Италија, а истовремено има уште неколку странски делегации кои се присутни во Собранието, објавувам пауза до 12,00 часот, а во 12,00 часот ќе ја започнеме 87-та седница.

Ви благодарам.

Пауза од 11,34 до 12,07 часот

Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со седницата.

Ги повикувам службите да ги затворат вратите, а пратениците да ги заземат своите места и да обезбедат услови за да ја отпочнеме седницата.

Дами и господа, ја отворам Осумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски, Неждет Мустафа, Лазар Китаноски, Никола Рилкоски, Данаил Дончев, Весна Јаневска, Валентина Божиновска, Љубиша Георгиевски, Лилјана Поповска, Љубчо Георгиевски, Силвана Бонева, Анета Стефановска, Слободан Најдовски, Илија Димовски, Горан Мисовски, Мирјана Секуловска, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Абдулади Вејсели, Хазбие Ибиши, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агрон Буџаку и Ајше Селмани, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи има мал проблем со системот, ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

На седницата присуствуваат 66 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница е свикана по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија, за учество во мировна операција во Ирак.

Предлагам Предлогот на дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од нив 63 гласаа за, еден воздржано, против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

**Предлогот на одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија, за учество во мировната операција во Ирак.**

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, сите 63 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлогот на одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија, за учество во мировната операција во Ирак.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот заменик министер за одбрана, повелете.

**Илјаз Халими:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници,

Имаме само една точка предложена за оваа седница од причина што веројатно сте запознаени дека средина на декември испраќаме две единици на Армијата на Република Македонија да учествуваат во обезбедувањето на стабилноста на поддршка на коалиционите операции во Ирак. Исто така и за обезбедување на објекти.

Покрај овие две единици испраќаме и пет офицери за работа на мултинационалните команди во мисијата "Слобода за Ирак".

За потребата од испраќање на овие единици нема потреба посебно да кажам, сите знаеме дека ние сме се декларирале дека сме подготвени да придонесеме во составот на коалиционите сили во врска со воспоставувањето на стабилноста, редот и мирот надвор од државата.

Токму заради оваа цел овие наши единици, како до сега така и понатаму ќе придонесуваат во рамките на коалиционите сили за мирот и стабилноста таму каде имаат потреба коалиционите сили.

Едниот состав на Армијата и пет офицери за работа на мултинационалните команти во мисијата "Слобода за Ирак" одат како ротација на претходниот состав кој веќе се наоѓа таму, а една единица на Армијата на Република Македонија оди прв пат така што со ова го зголемуваме бројот на припадниците на Армијата на Република

Македонија кои учествуваат во мировни мисии надвор од државата.

За таа цел барам да се усвои оваа Предлог одлука и да можеме навреме да постапиме во врска со испраќањето на овие единици во Ирак. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Халими.

Има збор господинот Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Најпрвин дозволете да изразам мало жалење што ни се случи одлагање на седницата за еден час сеедно дали беше поради некоординација, наше ненавремено доаѓање итн, во секој случај ова е еден мал сигнал кој упатува лоша порака и која ни доаѓа веднаш откако ја донесовме Одлуката за советот и расправавме за евро и НАТО интегрирањето и усвоивме соодветна Резолуција.

Сега ќе ми дозволите во 2-3 збора да оддадам поддршка, да го поддржам Предлогот на Одлуката во името на пратеничката група на НСДП и свое лично име. Тоа го правиме не само од персонални причини и поради одговорноста што ја имаме во моментот, туку повеќе од историско национални причини и стратешки потреби на нацијата и државата.

На ова прашање гледаме како на дел од процесот, цитирам само еден дел од Извештајот на Европската унија, на успешните реформи во одбраната и потенцирам како дел од подготовките за НАТО.

Во овој дел и по повод оваа одлука сакам да кажам дека Република Македонија се повеќе станува актер на глобалната безбедност и сакам сите да размислуваме во тој правец дека и оваа одлука оди во прилог на зајакнување на таа глобална безбедност во која ние партиципираме и сме соодветен актер.

Сакам на овој начин и од ова место да демантираме некои изјави во последно време, па дури на европски авторитети. Не сакам со ова да се конфронтирам дека наводно Македонија е извозник на регионална нестабилност. Мислам дека и на овој начин ние најсоодветно ќе ги демантираме овие изјави.

Исто така, покрај што на почетокот го ставив како забелешка за одлагањето од еден час, сакам да нагласам дека ова прашање било и ќе биде прашање по кое ние постигнуваме едногласност во одлучувањето и од овде сакам да упатам еден апел и по други прашања да имаме ваква едногласност особено по прашањата од европската агенда.

Ние од пратеничката група, сакам да потенцирам дека прашањето за Европската унија и НАТО не го одвојуваме, туку гледаме единствен процес по тоа прашање. Вие знаете дека НСДП ја реафирмираше, а сите заедно ја операционализиравме идејата за една македонска коалиција за Европската унија, а јас ќе додадам и НАТО и ќе завршам тоа прашање, според мене, е многу суштинско, тоа е фокус во кој се собираат сите интереси на нацијата и на сите групи и тоа прашање во никој случај не може да биде формална работа како што овие денови можевме да слушнеме од високо место. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Митаноски.

Има збор господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за одбрана.

Сакам и јас да кажам неколку збора за оваа вонредна седница и да кажам дека она што го кажа колегата Митаноски во дел го поддржувам иако сметам дека еден час доцнење не е заради промена на нашето размислување за НАТО и дека нешто се променило во Република Македонија, тоа само покажува одраз на нашата свест како колеги пратеници колку сериозно си ја сфаќаме нашата работна обврска. Меѓутоа, тоа за некоја друга прилика.

Почитуван заменик министер, не објаснивте зошто е итноста, веројатно подоцна во текот на вашето второ јавување ќе треба да објасните зошто е итна постапката затоа што ...

**Бесим Догани:** Господине Рахиќ, се извинувам, само едно да дообјасниме, бидејќи пред малку имаше дофрлувања.

Не се работи за итна постапка, туку итна седница, што е различно од постапката. Се извинувам.

**Есад Рахиќ:** Благодарам.

Не објаснивме зошто е итна седницата затоа што министерот за одбрана веќе пред месец дена најави дека... (галама во салата, потпретседателот ги опоменува). На сите нас ни е полна устата со НАТО, Европска унија и разни интеграции, меѓутоа, кога треба да се расправа со ладна глава и разумно да се види каде сме и каде ни е местото сите ние имаме поважни работи, па си комуницираме меѓу себе и немаме елементарна култура да слушнема што некој сака да каже.

Јас ќе ја поддржам оваа одлука за испраќање на овие единици затоа што сметам дека е дел од обврските што Република Македонија ги презела. Но, имам една сериозна забелешка и мене ми е криво што вие господине заменик министер сте тука, а не оној дел што го кажа господинот Митаноски како формациски дел од Владата не е министерот за одбрана Лазар Еленовски кој сметам дека еднаш конечно и дефинитивно како Министерство за одбрана дали тој или вие заедно со началникот на Генералштабот да дојде тука и да каже што се е направено во делот на реформите во одбраната и што се е направено во делот на она што Република Македонија го партиципира во оваа операција со учество во мировната операција во Ирак “Слобода за Ирак” или Авганистан и слично.

Да не заборавиме дека со овие 36 војници Македонија има некаде 238, близу 240 војници во

мировните мисии, што ако ги споредите со бројот на војската, со материјалните способности што ги има државата, сметам дека е еден висок процент и заради тоа со една таква седница уште еднаш ќе се укаже на потребата и местото дека на Република Македонија и е местото во НАТО и дека во Букурешт треба да добиеме покана.

Она што мене ме израдува, ме израдува што овој пат вие кажавте дека дел се ротација, дел се нови сили. Она што сакам да го кажам јавно го повикувам претседателот на Комисијата за безбедност и одбрана мојот колега господинот Владимир Ѓорчев кој заедно со нас донесе заклучок на една од седниците на Комисијата за безбедност и одбрана да го повика министерот за одбрана, господинот Лазар Еленовски заедно со началникот на Генералштабот на посебна седница на Комисијата за безбедност и одбрана, а подоцна на пленарна седница на Собранието на Република Македонија да образложи до каде се стигнати реформите во Армијата на Република Македонија, во војската, во системот за безбедност, да каже во кој дел средствата што ние ги даваме се наши средства, во кој дел се средствата од нашите сојузници поточно од САД затоа што сметам дека и нашите даночни обврзници, а и нивните даночни обврзници ќе бидат задоволни да видат каде и како се трошат парите од иститe.

Затоа уште еднаш кажувам дека ќе гласам за оваа одлука со тоа што би ве замолил и вас, а и претседателот на Комисијата за безбедност и одбрана еднаш да се постапи транспарентно затоа што самата седница и на Комисијата и пленарната седница на Собранието само ќе покажеме дека во Република Македонија институциите се почитуваат. Дека има демократски надзор над безбедносниот сектор. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рахиќ.

Има збор заменик министерот за одбрана, повелете.

**Илјаз Халими:** Благодарам на пратеникот Рахиќ за неговиот пристап во Собранието.

Што се однесува до итноста од свикување на седницата мислам дека, веројатно тоа се знае дека пред месец дена Владата ја донесе одлуката за испраќање на овие единици. Друго е што не е ставено на дневен ред порано. Но, имајќи предвид дека во средина на декември овие единици ќе отпатуваат за Ирак, немаме време да чекаме оваа точка да биде на некоја редовна седница поради подготовките што треба да ги преземеме како Министерство за одбрана. Ова е првото.

Второто, министерот и началникот на Генералштабот или било кој во Министерството за одбарана сите се подготвени да учествуваат на било која седница или некој состанок на Комисијата за безбедност или на некоја седница на Собранието да информираат односно да образложат што е тоа направено до сега околу реформите и трансформацијата на Армијата и одбраната, исто така и во однос на средства кои се потрошени, кои ни се потребни понатаму за овие единици кои ги испраќаме во мировни мисии надвор од државата. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Халими.

Реплика има господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе, почитуван господин заменик министер.

Тоа не е ни замолница ни препорака, тоа е законска обврска каде Министерството за одбрана и Генералштабот по барање на Собранието односно матичната комисија треба да имаат експозе, излагање, како и колку се трошат парите и колку се успешни акциите.

Пред седницата за Буџетот бидејќи јас како член на Комисијата за безбедност и одбрана сакам буквално да помогнам на вооружените сили затоа што пред одреден временски период имаше во јавните гласила дека војската нема доволно средства, нема нови чизми, нема униформи, а оди во таква акција.

Токму заради тоа кога ќе се појави началникот на Генералштабот со министерот за одбрана и ќе образложат каде и како се трошат парите, претпоставувам дека на седницата кога ќе се расправа за Буџетот од страна на таа Комисија ќе има амандмани со кои ќе побара повеќе пари за одбраната односно војската. Не се само права во НАТО, во НАТО има и обврски, треба одредени страндарди да се почитуваат. Тоа ми беше идејата. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рахиќ.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, колеги пратеници.

Најпрвин процедурално би сакал да забележам на несоодветниот однос за една битна точка каква што е дуплирање на составот на македонските сили во операцијата “Слобода за Ирак”, затоа што евидентно е дека Предлог одлуката е подготвена во октомври 2007 година, а денеска сме 30 ноември.

Значи, некој како да бега од соочувањето на Комисијата за одбрана и безбедност, со една поширока дебата овде во Парламентот зошто во моментот кога генерално лидерите на оваа операција, пред се американците и британците носат одлуки за повлекување од Ирак или вториот наш најголем сојузник британците со одлука на Владата веќе го започнаа повлекувањето на зоната околу Басра, Македонија е една од веројаатно ретките, можеби единствена држава која го дуплира своето учество.

Мислам дека пред македонската јавност, Министерството за одбрана требаше да понуди една посериозна анализа. Дали тоа се прави за да се анулира се она што е негативно во вториот битен дел, а тоа е исполнувањето на политичките критериуми. Дали во последните 6 недели играме само на картата Армијата на свои плеки да ја однесе Република Македонија во НАТО, што

според мене е погрешна игра. Значи, да нема дилеми. СДСМ ќе го подржи ова но ќе ја изложи на критики Владата за односот на кој го потценува Парламентот и македонската јавност за една исклучетелно битна тема. Значи, не може дополнително да се фрла прав во очи дека со ова си ја обезбедуваме картата за полноправно членство во НАТО. Не, бидејќи операцијата во Ирак е единствената крупна одлука каде што и самиот НАТО се подели. Големата криза која настана меѓу сојузниците во НАТО е токму оваа операција. Оваа операција не е предводена од НАТО, предводена е операцијата ИСАВ во Авганистан и треба да се знае зошто. Македонската јавност треба да знае зошто токму сега.

Под делот на тајноста, пред два месеци дојде висок претставник на Пентагон и разговараше во Министерството за одбрана. Милувате вие од Министерството за одбрана да бидете транспарентни, но таа средба кога беше официјално побарана од Македонија, беше скриена од јавноста. Требаше една ТВ куќа со национална концесија да ја открие посетата, па потоа министерот за одбрана од Вашингтон да ни соопшти дека по средбата со колегата Гејтс Македонија вети дека ќе испрати дополнителни 36 војници. Сметам дека во овој период ова е несоодветен однос затоа што мораме да објасниме на македонската јавност дека со ова не можеме да ги испереме сите други глупости што ги правиме, кога јавно премиерот се соменева дека Грција може да го искористи правото на вето. Значи, секоја провокација, даси ексрузијата што ќе ја направи директорот на Царинската управа, дали толкувањето што го дава министерката за внатрешни работи дека Парламентот донел закон и тие со подзаконски акт, со уредба токму сега решија да имаме регистарски таблички каде нема да стои нашето уставно име. Нашето уставно име е Република Македонија, да има на табличките, флуороцентно ќе се гледало или нема да се гледало. Сега ли ни требаат такви експерименти кога веќе знаете и вие, најдобро го знае вашиот министер дека тој има давано ветувања дека Македонија ќе биде флексибилна и во следните три месеци ќе испрати сигнал на добра волја, тоа е да го смени името на аеродромот во Скопје, да не се вика Александар Велики и да се тргне таа статуа која се смета дека е провокација во овој момент. Наместо за ова во овој момент да разговараме, вие нудите да заминат уште 36 македонски војници и сметате дека сите глупости што се прават со ова ќе ги покриеме. За жал, не, затоа што последните високи претставници на НАТО, кои дојдоа во последните три недели го потврдуваат тоа што треба секој да го знае. Во одбранбената сфера или учеството на мисиите, Македонија има високи оценки, исклучителни високи, за споредба да речеме за не спорниот фаворит Хрватска. Веројатно знае македонската јавност дека нема ниту еден единствен војник во Ирак, но тоа не е причина тие да не бидат веќе сигурни патници за НАТО клубот за самитот во Букурешт. Тоа е, како што кажувам од време на време ценетиот колега Манасиевски, таканареченото албанско сценарио. Албанците само го промовираат овој принцип, колку полошо, толку повеќе војници ќе испраќаме и мислиме дека на тој начин ќе ги решиме сите проблеми. Не, НАТО не е воен клуб, НАТО е политичковоен клуб. Без исполнување на политичките критериуми ние можеме да испратиме уште два контигенти по 72, нема да биде тоа гаранција дека Македонија ќе биде поканета во Самитот во Букурешт.

Второ, сметав дека вакво дуплирање на наши сили во Ирак требаше да има многу посериозно оразложение. Секоја чест на заменик министерот, мораше конечно тука да биде и министерот за одбрана.

Зошто на Комисијата за одбрана и безбедност да не се даде еден преглед како беше во изминатите три години, што се Македонија направи во изминатите 8 или 9 мисии, каде ќе заминат овие, дали и понатаму се во Таџи, во зоната каде имаат релативно одлично искуство нашите сили, ќе продолжат ли со дел од своите активност да ги тренираат новите ирачки воени сили или ќе имаат друга операција. Ние повеќе информации слушнавме од медиумите дека се шпекулира дека ова нова механизација, пешадискиот вод ќе биде во зелениот појас во Багдар, така ли е, или не, смее ли тоа  да се говори или не. Можевме да ја затвориме седницата па со сите нишани да имавме една сериозна седница каде ќе беше донесена и сериозна одлука. Вака, дефинитивно знаете дека нема спор меѓу позицијата и опозицијата за испраќање на нашите војници, но од друга страна заслужуваат поинаков третман овие наши крупни одлуки, да им дадеме ние самите поголемо значење, поголема спесифична тежина. Вака ќе се смета, како прво во 11 закажана седница, срамота, 43 пратеници имаше само тука. Доаѓаме во 12 часот, ако не се јават двајца или тројца опозионери нема кој да говори, секоја чест на Веле Митановски. За крупна одлука која дефинитивно треба да ги охрабри и оние другите кои треба да ги исполнат политичките критериуми, да го следат примерот на АРМ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Бучковски.

Дали некој од пријавените е за реплика.(Никој)

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе, колеги пратенци,

Би сакала да кажам неколку збора околу ставот на ЛП по однос на одлуката за испраќање на единиците на АРМ за учество во мировната операција во Ирак и при тоа би нагласила и она што досега се дискутираше од моите ценети колеги е очигледно дека, иако Парламентот работи во состојби кои на сите ни се познати, а сепак не избледела подршката на сите политички субјекти околу нашето учество во мировните мисии што претставува обврска која Република

Македонија си ја преземала, се определила за учество во мировни мисии и мислам дека треба да биде доследна на таквата политика.

Состојбите во Ирак на сите ни се познати. Ние како ЛП ќе дадеме подршка за испраќање на единици на АРМ таму и наше учество во оваа мировна мисија, бидејќи има надеж за смирување на состојбите во Ирак и конечно за воспоставување на еден ред и отпочнување на еден демократски процес за смирување и канализирање на Ирак кон државите кои градат демократија. Тоа е основната причина што дава поттик да подржиме таква одлука и понатаму да учествуваме во мировните мисии, а тоа секако ќе ја зајакне и позицијата на Република Македонија кај нашите сојузници и кај државите кои учествуваат во мировните мисии и кои сакаат во светот да видат ред, поредок, мир и стабилност. Затоа немаме причина да не ја подржуваме таквата одлука.

Сосема на кратко би сакала да го искористам мојот збор, на нашите колеги од НСДП да им го честитам денот на нивното основање, точно пред две години на овој ден се основаа и на нивната соработка во Парламентот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Лалчевск.

Има збор господин Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине потпретседателе, заменик министер, господа пратеници.

Се јавив за збор само за да ве потсетам на неколку работи на кој начин и низ која призма или со кои очи ги гледаме работите.

Денес имаме итна седница и се согласувам со потпретседателот на Собранието дека тоа не е итна постапка, околу едно и единствено прашање на дневниот ред, а тоа е испраќање на наши војници во мировната мисија во Ирак, како што кажа госпоѓа Лалчевска, со надеж за смирување на воените процеси во оваа земја. Меѓутоа, испраќаме војници да смируваат една земја, а ние овде како пратеници не можеме да ја смириме состојбата во Собранието.

Сакам да направам една паралела и да сватите на што мислам.

Во овој момент од разни извори, не сакам да кажам шпекулативно, тоа е транспарентно се знае кој е бројот на војниците кои учествуваат или во мировната мисија или учествуваат во мисијата на НАТО во Авганистан. Околу ова прашање гледам дека имаме едногласност и до сега не видов некој да гласал против. Ова прашање е многу деликатно, меѓутоа нашата намера и тенденција околу нашиот интегративен процес во НАТО ни дава за право да веруваме дека таа желба од тој процес не води кон едно вакво грасање кое сметаме дека го подигнува степенот на подготвеност на Република Македонија за членство во НАТО. Тоа е деликатно прашање затоа што испраќаме наши луѓе, испраќаме војници кои учествуваат во воени зони, во операциите, без разлика во која, зелена зона или друга зона се. Деликатноста и опасноста секогаш постои и секогаш постои, како што се случувало на сите земји, некои од таму не биде вратен нормално, туку биде вратен во метален ковчег. Поради ова, знам дека ќе биде се едногласно, јас лично ве прашувам сите вас овде дали деликатноста на ова гласање е помала или поголема, во гласањето за еден член за судски совет на Република Македонија во ова Собрание. Колеги тоа е условот за влез во НАТО. Тоа е стандардто. Ако не успееме судскиот совет, ако не успееме, како Собрание зборувам, да дореализираме закон за обвинителство и се она што не знам по кој пат повеќе се зборува, тогаш можеме и цела Македонија да ја пратиме во Авганистан, нема да станеме членка на НАТО. Со други зборови, ако ова Собрание не смогне сили во дадените рокови да ги исполни стандардите и реално да бидеме партнери таму, што значи член на НАТО, според мене нема да имам морална обврска, лична, пред себе и својата совест, последното гласање за 6 месеци, до колку Македонија поради ваша смена не влезе во НАТО, да гласам за испраќање на војници затоа што во тој случај повеќе би биле третирани како топовско месо отколку партнери во една воено-политичка организација како што е НАТО. Поради овие причини денес се најавува повторно состанок или средба, или самит, не знам како го викаат, на 4-те лидери кои се дел од нашата структура, тие се пратеници исто како што и овде сме ние, да седнат и да се вразумат и Република Македонија да биде заложник и со вакви акции на демонстрирање на наша подготвеност да се бориме, да бидеме заложници на партизациите на кои понатаму сакаме да ги спровмедиме до последна минута. Во овој мометн во Република Македонија и треба тоа и треба исполнување на стандардите. Доколку тоа не се случи, го искажав мојот став. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Оровчанец.

Збор има пратеник Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван заменик министер.

Еве, накратко јас сакам да кажам неколку работи. Имено, познато е дека Република Македонија на повикот на САД да се вклучиме во светската коалиција за борба против тероризмот, таква одлука донесе, во тоа време СДСМ беше на власт и една таква генерална политика ја подржаа и сите други политички субјекти во Република Македонија. мислам дека не треба сега да отвораме расправа, да се преиспитува одлуката, знаме што е НАТО, каде се учествуват единици на НАТО, знаеме дека е тоа и воен и политички сојуз, меѓутоа мислам дека во основа треба да знаеме дека се работи за една светска коалиција за борба против тероризмот во која Македонија активно партиципира и треба да добие подршка.

Инаку, се согласувам дека Република Македонија скоро сите политички партии се за, вербално тоа многу пати го нагласуваат, за влез во Република

Македонија во НАТО, за Европската унија, донесовме бројни декларации и резолуции, меѓутоа мислам дека ни недостасува една платформа за претставување на Република Македонија посебно во разговорите во контактите со странските претставници. Тоа го нагласувам бидејќи сум сведок на неколку средби со влијателни претставници на НАТО, каде има сосема различни позиции, имаат различни позиции оделни политички партии или пратеници, па веројатно, тоа и околу другите носители на јавни функции во државата. Значи, тие постојано нагласуваат и поставуваат некои барања, прашања да се разрешат, пред Република Македонија да биде членка на НАТО. Мислам дека тоа е силен отпор што се дава на се она што она сакаат НАТО и членките на НАТО да ја направат за Република Македонија побрзо да се приближи.

Инаку, ние за разлика од минатата година ние сега веќе имаме нови критериуми и нови политички услови и ако продолжиме вака прво, да ги сознаваме внатре, да креираме политички проблеми, после тие проблеми стануваат критериуми за влез во НАТО или за започнување на преговорите со Европската унија. Мислам дека недостасува една широка општоприфатлива платформа по која ќе ги водиме сите наши активности на надворешно политички план.

Инаку, јас ја подржувам одлуката и ќе гласам за.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Трајанов.

Има збор господинот Шабан Салију, повелете.

**Шабан Салију:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Се пријавив за дискусија по оваа точка на дневниот ред пради специфичноста на барањето, испраќање на единци на АРМ за учество во мировната единица.

Морам да го изразам моето разочарување од односот кон ова прашање на одредени колеги кои дискутираа претходно. Не знам на кога сега му смета приближувањето кон НАТО односно некои имаат навистина скриени желби на конференцијата во Букурешт, Македонија да не успее. Од една страна сме благоречиви, тука донесовме и одредени заеднички резолуции за пристап кон Европската унија и НАТО, од друга страна повторно сакаме да говориме контрадикторно.

Имав среќа да учесвувам на средбата на парламентарната група во Брисел, во управната зграда на НАТО, три дена каде што по цел ден се водеа вакви дискусии и имавме директни говори со еминентни генерали односно претставници од разни области, професионалци во НАТО. Сите претставници, покрај другите услови и стандарди, со посебно чувство на одговорност зборуваа за војниците на мисиите на НАТО испратени од Македонија. Ниту еден претставник не ги штедеше комплиментите и пофалбита за македонските војници. Оствваривме и една средба со амбасадорот од НАТО од Македонија, господинот Нано Ружин. Исто и тој даде посебни пофалби за професионалното однесување на овие војници во НАТО. Мислам дека и овие мисии ќе го олеснат патот на приближување кон НАТО. Затоа, како претставник на политичката партија на Демократски сили на Ромите, ќе гласам за испраќање на војници во НАТО.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Салију.

Има збор господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Би сакал да го изразам ставот на ВМРО-ДПМНЕ. Ова е одлука која што апсолутно ќе ја поддржиме со една аргументација, која што делумно ќе се разликува од аргументациите што до сега беа слушнати, а тоа е дека ова е одлука која што ја поддржуваме, заради тоа што сакаме директно со нашиот мал придонес, во рамките на капацитетите кои што ги има нашата Армија, кои што се реално ограничени и реално мали, да дадеме поддршка на нашиот стратешки партнер САД во Мировната мисија која што ја прават во Ирак, заради тоа што во Ирак во моментот се носи слободата, заради тоа што во Ирак во моментот се носи демократијата.

И да бидеме на чисто, ова го правиме заради тоа што сакаме на овој начин да покажеме дека сме спремни да придонесеме во една акција која што е насочена кон носење на демократија на Блискиот Исток, дека сакаме да го направиме ова заради тоа што веруваме во неа.

Исто така, би сакал да нагласам дека Ирак во моментот е симбол на слободата и уште повеќе, е обид да не ни се повтори 11 септември никаде во Европа, никаде во светот. Ова е обид да не ни се повтори Мадрид, обид да не ни се повтори Лондон, заради тоа што Ирак е превентивна мисија, Ирак е мисија која што носи демократија во срцето на Блискиот Исток. И уште повеќе, овие денови се отвори една дебата околу повлекувањето на нашите војници од Ирак од страна на неколку новинари, неколку здруженија на граѓани, неколку институции кои што тоа го поддржаа, се отвори една дебата дали ние треба да сме таму и што правиме таму.

Ние таму во моментот спроведуваме мировна мисија. Нашите војници таму не се нити агресори, нити окупатори, нашите војници таму се луѓе кои што се обидуваат да го осигураат мирот. Нашите војници се луѓе кои што помеѓу другото таму учествуваат и во медицински мисии, нашите луѓе се луѓе кои што се обидуваат да го направат Ирак подобро место за живеење.

И на крајот, кога се прашуваме зошто треба да останеме во Ирак и зошто треба да го зголемиме бројот на војници во Ирак, јас само ќе парафразирам една реченица на Џон Мекејн, тој е американски сенатор, човек кој што е кандидат за претседател на Републиканската партија, кој што во соочувањето помеѓу Републиканската партија пред два дена рече: разликата меѓу Виетнам и Ирак е тоа што, ако се повлечеме од Ирак, за

разлика од Виетнам, тие мислејќи на Алкаеда ќе дојдат по нас, ќе дојдат по слободата, ќе дојдат по слободниот свет. Затоа сме за нашите војници во Ирак, затоа ги поддржуваме, затоа сме горди што ќе го зголемиме бројот во рамките на можностите на нашата Армија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски.

Збор има господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине потпретседател.

И Демократската партија на Албанците ќе гласа за оваа мировна мисија. Вие сите знаете каква беше Армијата на Република Македонија. Беше една неорганизирана Армија. Во моментот кога Република Македонија создаде партнерство со НАТО од тој момент и наваму почнавме да имаме една организирана Армија, Армија со стандарди и еден квалитет во однос на Министерството за одбрана и во целост на овој сектор кој е од големо значење за една сериозна држава како што треба да бидеме ние и како што треба да чекориме по нашиот пат кон евроинтеграциите.

Затоа ова испраќање на овој контеингент, на оваа Мировна мисија, ќе биде на линија на натамошниот просперитет на Армијата на Република Македонија и на нашиот развој и воведување високи стандарди. Со ова укажуваме на нашиот пат кон НАТО, пат кој се разбира дека освен што треба да имаме сектор на уредена Армија, треба да ги уредиме и другите сектори кои се секако и бара нашето членство во НАТО.

Уште еднаш искажувам поддршка на нашата група на ДПА и на овој мировен контингент кој ќе отпатува на оваа Мировна мисија. Истовремено им посакувам здравје и успех во нивната мисија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Матоши.

Збор има господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Почитувани пратеници тргнувајќи од фактот дека стратешко партнерство врз долгорочна основа и согласност за заеднички вредности, нашата поддршка на овој контингент е во континуитет на нашата поддршка од порано и понатаму ќе го има во однос на ангажирањето на сите прогресивни сили, особено на САД за консолидирање на демократии во светот. Верувам заедно со останатите активности во нашата држава и обврските кои произлегуваат од агендата и политичките критериуми, сите тие ќе придонесат Македонија да се вброи, секако и да се вреднува како предонесувач и верен партнер за изградба на реални политики каде што го дава својот придонес и исто така бара придонеси во однос на неа кога се однесува на регионалните пристапи и глобалните пристапи на безбедноста.

Затоа поддржувајќи ја оваа одлука, јас во името на парламентарната група на ДУИ со овој краток говор го поддржувам ова, ги поддржувам и сличните одлуки кои ќе бидат во функција на засилување на нашето партнерство стратешко за достигнување на вредностите за кои сме се декларирале како наши. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклулчувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на одлуката гласаа 70 пратеници, сите 70 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во Мировната операција во Ирак.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Осумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Истовремено, согласно со писменото известување што го добивте, ве известувам дека Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија наместо во 13,00 часот ќе се одржи во 15,00 часот, бидејќи во меѓувреме ќе има средба на учесниците на НАТО сениорскиот курс со пратениците на Собранието на Република Македонија. Ви благодарам.

За процедурално се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Бидејќи во соработка со Националниот демократски институт од Америка има 30-тина пратеници што знам дека во 14,00 часот организирано ќе заминат од Собранието во кој што учествуваат и шест пратеници од пратеничката група на СДСМ. Добивме уверување од Националниот демократски институт дека има некоја координација со претседателот на Собранието за да се одложи тој почеток. Би сакал да добијам информација дали тоа важи, за да знаеме пратениците што се на семинарот што е заеднички помеѓу Собранието и Националниот демократски институт, дали ќе се одржи или не. Благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи претресот е отворен по дотичната седница, јас мислам дека би било добро да продолжиме и тие кои се заинтересирани, да говорат по темата до завршување на отворениот претрес. Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 12,57 часот).